# ЦРКОВЕН ХРАМ
# СВЕТИ ЈОВАН КРСТИТЕЛ

Општина Аеродром – Скопје
Република Македонија

# CHURCH
# SAINT JOHN THE BAPTIST

Municipality of Aerodrom – Skopje
Republic of Macedonia



***Црковниот храм Свети Јован Крстител е дар за мојата земја Република Македонија и за мојот благочестив македонски народ.***

***ктитор проф. д-р Ванчо Чифлиганец со семејството***

***St. John the Baptist Church is gift to my country Republic of Macedonia and to my proud Macedonian people.***

***ktitor prof. Vancho Chifliganec Ph.D. with his family***

***14 јуни 2014***



## СОДРЖИНА:

Идеја за подигнување на црквата Свети Јован Крстител 2

Храмот – градба од љубов 6

Житие за св. Јован Крстител 10

Локација 14

Архитектура 16

Ѕидно сликарство 28

Изградба на црковниот храм Свети Јован Крстител (2012-2014) 36

Ново обележје во општина Аеродром, Скопје 42

Филантропската традиција на проф. д-р Ванчо Чифлиганец и Адора Инженеринг-Скопје 48

## CONTENT:

The idea behind the construction of the St. John the Baptist church 3

The Church – Build with Love 7

Hagiography of St. John the Baptist 11

Location 15

Architecture 17

Wall painting 29

Construction of the St. John the Baptist Church (2012-2014) 37

New landmark in the Municipality of Aerodrom, Skopje 43

Philanthropic tradition of prof. Vancho Chifliganec Ph.D. and Adora Engineering-Skopje 49

# ИДЕЈА ЗА ПОДИГНУВАЊЕ НА ЦРКОВНИОТ ХРАМ СВЕТИ ЈОВАН КРСТИТЕЛ

Ктиторот, проф. д-р Ванчо Чифлиганец, беше воден од неколку силни мотиви за подигнување на црковниот храм Свети Јован Крстител во општината Аеродром, во македонската престолнина Скопје.

„Мојот прадедо, пред стотина години, бил чифчија на еден османлиски имот - чифлиг во регионот на Радовиш, во Источна Македонија. Во време кога сме немале ниту сопствена држава, ниту сопствена црква, ниту сме биле признати како народ, нашите предци напорно и посветено работеле да обезбедат егзистенција на семејството и опстоиле, водени од силната и искрена верба во Бога. Горд сум на мојот прадедо чифчија, од кого потекнува нашето семејно презиме Чифлиганец. По повеќе децении оттогаш, по шест децении плоден живот и четири децении успешен работен опус, воден од вербата во Бога, на мојата земја-самостојна и независна Република Македонија, со признат македонски идентитет и Македонска Православна Црква и на мојот македонски народ, им го подарувам црковниот храм Свети Јован Крстител, во спомен на моите благочестиви родители, мајката Ванѓа и таткото Илија“ – вели ктиторот, проф. д-р Ванчо Чифлиганец.

Уште еден силен мотив на проф. д-р Чифлиганец за подигнување на црквата Свети Јован Крстител во општина Аеродром, Скопје, е желбата Адора Инженеринг да остави вредно дело за сегашните и идните генерации, достојно за почит во општина Аеродром, каде што како градежна компанија има најголеми инвестиции во изградба на тринаесет елитни станбено-деловни објекти. За околу илјада семејства кои живеат во елитните станови на компанијата во општина Аеродром, за православните верници и граѓаните на Скопје и Македонија, ова е нов свет храм каде што тие ќе ги исполнуваат верските и духовните потреби, ќе бидат поблиску до Бога, под закрила на св. Јован Крстител. Во блиските води на реката Вардар ќе се



*Ктитор на црква Свети Јован Крстител – проф. д – р Ванчо Чифлиганец*
*Ktitor of St. John the Baptist Church – prof. Vancho Chifliganec Ph.D.*



# THE IDEA BEHIND THE CONSTRUCTION OF THE ST. JOHN THE BAPTIST CHURCH

The idea behind the construction of the St. John the Baptist Church

The ktitor, prof. Vancho Chifliganec Ph.D. was guided by more strong motivations for construction of the St. John the Baptist Church in the Municipality of Aerodrom in the Macedonian capital city of Skopje.

“My grand grandfather was a farmer on a rich Ottoman property - a farm in the region of Radovish, eastern Macedonia, about hundred years ago. In a time when we did not have our own country nor own church, nor we were recognized as a nation, my ancestors worked hard to earn some food and money necessary for existence of their family. They were very hard-working and managed to survive constantly guided by the strong and honest faith in God. I am proud of my grand grandfather, the farmer (Macedonian: chifchija) from who our surname originates. Many decades later, rounding six decades of fruitful life and almost four decades of successful professional life, guided by the faith in God just as my ancestors were, it is my honour to give the orthodox church of St. John the Baptist to my country, now the independent and sovereign Republic of Macedonia, with recognized Macedonian identity and Macedonian orthodox church - Archbishopric of Ohrid, as well as to the proud Macedonian people, which I constructed in the memory of my respected and honourable parents, my mother Vangja and my father Ilija” – said the ktitor, Vancho Chifliganec.

Another strong motivation of prof. Vancho Chifliganec for construction of the St. John the Baptist Church in the Municipality of Aerodrom, Skopje, is the desire Adora Engineering to leave valuable deed for the present and future generations, worthy of respect in the Municipality of Aerodrom where as a building construction company holds the biggest percentage of investments in construction of four elite residential buildings and modern business and trade centre. For the approximately one thousand families that live in the elite apartments of the Company in the Mu-




*Натпис на главниот влез*
*Inscription above the main entrance*

изведува големиот Богојавленски Водосвет и чинот на светото крштевање на големиот христијански празник Богојавление-Водици, а црквата е редок атрактивен сакрален објект за посетителите на овој дел на Скопје и туристите кои доаѓаат во Македонија.
Изградбата на црквата Свети Јован Крстител е дел од долгорочниот општествено одговорен проект на компанијата под наслов „Вложуваме во општините за доброто на граѓаните, подобар живот и посветла иднина за сите“, со цел во секоја средина каде што гради станбено-деловни објекти, Адора Инженеринг да остави вредни дела од корист за пошироката заедница, за сегашните и идните генерации.

„Искрено и од срце, им се заблагодарувам на многубројните проектанти, изведувачи, градежни работници и неимари кои ја доведоа до крај изградбата на црквата Свети Јован Крстител, работејќи посветено, професионално, стрпливо и упорно. Посебна благодарност искажувам кон градоначалникот на општина Аеродром, г-дин Ивица Коневски и советот на општината кои овозможија црквата да се изради на атрактивна локација во општината, на кејот на македонскиот Јордан, реката Вардар“.

ктитор проф. д-р Ванчо Чифлиганец со семејството







nicipality of Aerodrom, for the orthodox believers and citizens of Skopje and Macedonia, this is a new holy temple where these people will meet their religious and spiritual needs, will be closer to God under the wings of St. John the Baptist. In the near water of the river Vardar the biggest holy Blessing of the water and the act of holy baptising on the great Christian holiday of Epiphany will be performed, and the church is a rear attractive sacramental building for the visitors of this part of Skopje and the tourists which come to Macedonia.
The construction of the St. John the Baptist Church is part of the Company's long-term socially responsible project named “Investing in the Municipalities for the Good of the Citizens, Better Life and Brighter Future for All” in order Adora Engineering to leave valuable deeds for the benefit of the wider community and for the present and future generations in each and every place where it builds residential and business buildings.

“Honestly and from the bottom of my heart I am very grateful to the many designers, contractors, construction workers and builders who contributed towards finishing of the St. John the Baptist Church working hard, dedicated, professionally and patiently. I am especially grateful to the Mayor of the Municipality of Aerodrom, Mr. Ivica Konevski and the municipality counsel which enable the church to be built on attractive location in the municipality, on the bank of the Macedonian Jordan, the river Vardar”.

Ktitor prof. Vancho Chifliganec Ph.D. with his family

# ХРАМОТ – ГРАДБА НА ЉУБОВ

Најстари храмови, места или домови за молитва, според археолошките откритија, се сметаат мезолитните и неолитните светилишта во Ерихон. Во Библијата – во Стариот завет, Вавилонската кула е првата градба која навестува постоење на храм (Бит. 11, 4), но се споменуваат и храмот на Навуходоносор во Вавилон и храмот на Артемида во Ефес (Дела 19, 27). Кај Евреите, скинијата се нарекувала дом Господен (I Сам. 1, 7-9; I Цар. 8, 10), дом Божји (II Лет. 5, 1; Агеј 1, 2 и 2, 15). Во Новиот завет ги среќаваме и изразите храм Божји (Мт. 27, 61), храм Господов (Лк. 1, 9) и дом Божји (Мт. 12, 4). Самиот израз храм, според христијанското учење, го симболизира телото Господово (Јн. 2, 19-22), телата на христијаните како храм Божји и место каде што престојува Светиот Дух (I Кор. 3, 16; II Кор. 6, 16).

Во Македонија, од најрани времиња била донесена евангелската проповед. Светиот апостол Павле ги формирал првите христијански општини во Филипи, Бер, Солун и други места. Таквата традиција на градење храмови по македонската земја се одвивала во сите периоди, за што, меѓу другите, сведочат и црквите Свети Георгиј во Козјак, близу до Штип, Света Богородица во Велјуса, кај Струмица, Света Софија и Света Богородица - Перивлепта во Охрид, Свети Пантелејмон во Г. Нерези - Скопско, Свети Георгиј во Курбиново, на Преспа, Свети Гаврил Лесновски над Злетово и други. Градителството на цркви и манастири особено е интензивно во преродбенскиот период, кога се изградени голем број цркви во градовите низ Македонија, како и манастирите Свети Јоаким Осоговски и Свети Јован Бигорски. Според некои статистичари, во Македонија, по Италија и Шпанија, има најмногу храмови на квадратен километар.



*Манастир Свети Јован Бигорски – Македонија*
*St. Jovan Bigorski Monastery – Macedonia*





*Купола – црква Свети Јован Крстител*
*Dome – St. John the Baptist Church*

# THE CHURCH – BUILD WITH LOVE

According to the archaeological findings the oldest temples, places or houses for prayer are considered to be the Mesolithic and Neolithic sanctuaries in Jericho. In the Bible – the Old Testament, the Tower of Babylon was the first building which suggests the existence of a temple (Bit. 11, 4) but also the Temple of Nebuchadnezzar in Babylon and the Temple of Artemis in Ephesus (book 19, 27) are mentioned. The Jews called the tabernacle Home of God (I Sam. 1, 7-9; I Car. 8, 10), House of God (II Let. 5, 1; Haagai 1, 2 и 2, 15). In the New Testament we find terms like Temple of God (Matthew 27, 61), Temple of the Lord (Luke. 1, 9) and House of God (Matthew 12, 4). According to the Christian learning, the word temple itself symbolizes the body of God (John 2, 19-22), the bodies of the Christians as a temple of God and place where the Holy Spirit resides (I Cor. 3, 16; II Cor. 6, 16).

The Sermons of Evangelism were brought to Macedonia from the earliest times. Paul the Apostle formed the first Christian municipalities in Philippi, Veria, Thessaloniki and other places. The tradition of building temples on the Macedonian land was present in all time periods, evidence of which are the St. George in Kozjak near Shtip, St. Mary in Veljusa, Strumica, St. Sofija and St. Mary Perivlepta in Ohrid, St. Panteleimon in Gorno Nereze – Skopje, St. George in Kurbinovo, Prespa, St. Gavril Lesnovski above Zletovo and others. Increased construction of churches and monasteries was noted in Period of Revival, when large number of churches was built in the cities across Macedonia as well as the monasteries of St. Yoakim Osogovski and St. Jovan Bigorski. According to certain statisticians, Macedonia has the largest number of temples on square meter after Italy and Spain.

Дека сме народ, градител на храмови, се потврдува и во наше време, и овде и насекаде по светот каде што живеат Македонци – на Северноамериканскиот континент, Австралија, а во последниве години и во западноевропските земји. Во македонското градителство, во наше време, се возобнови и ктиторската традиција - поединци, семејства или организации да градат во слава на Бога и Неговите светии. Пример кој го потврдува овој факт е што ктитор на прекрасниот храм на десниот брег на Вардар, кај мостот Близнак во Ново Лисиче, Општина Аеродром, Скопје, посветен на св.Јован Крстител, е сопственикот на Адора Инженеринг, почитуваниот проф. д-р Ванчо Чифлиганец со семејството. Размислувајќи за овој најнов храм, како и за сите градени во изминативе 20 столетија, па и пред тоа, се наметнува прашањето, кој е главниот мотив да се изгради храм за Господа? Цареви имало и пред Соломон, пред Константин и пред Јустинијан, имало и по нив, богати имало секогаш, но сите не граделе. И денес има многу поединци и семејства, стопанственици и бизнисмени, кои имаат финансиски можности, но сепак не градат сите и сите не му благодарат на Бога за тоа што го имаат.

Да се гради храм, покрај средства, потребно е, пред сè, да се има и доволно љубов, љубов и кон Бога, и кон Црквата, и кон народот свој. Да се гради храм на Бога, најпрво е потребно, преку верата, храмот да го изградиме во себе, и со делата свои да покажеме дека живееме за Господа и за неговите светии. И нека се знае - Кој гради за Бога, вечен споменик си гради! Кој гради за Бога, гради за сите! А Бог секому му возвраќа за доброто! Ктиторот, д-р Ванчо Чифлиганец со семејството, во храмот што го изгради вгради многу умешност и потребна уметност, но најмногу од сè, во него вгради ЉУБОВ!
.
Милостивиот Господ, по молитвите на св.Јован, патрон на храмот и заштитник на домот на ктиторот, да го награди за трудот и даротǃ
Амин!

Со Божји благослов,
Архиепископ Охридски и Македонски, г.г. Стефан



*Архиепископ Охридски и Македонски г.г Стефан*
*Archbishop of Ohrid and Macedonia Stefan*





*Поглаварот на МПЦ г.г. Стефан со свештенството и ктиторот проф. д – р Ванчо Чифлиганец*
*The Chief of MOC Mr. Stefan with the priesthood and ktitor prof. Vancho Chifliganec Ph.D.*

Even in the present it is confirmed that we are builders of temples, here and everywhere in the world where Macedonians live – on the North-American continent, Australia and, in the recent years, in the countries of Western Europe. During our time of the Macedonian building period, the ktitor tradition was renewed, meaning individuals, families and organizations build in the name of God and the Holy Saints. An example which confirms this fact is that ktitor of the beautiful temple on the right bank of Vardar, in close proximity of the Bliznak Bridge in Novo Lisiche, Municipality of Aerodrom, Skopje, dedicated to St. John the Baptist is the owner of Adora Engineering, the honourable prof. Vancho Chifliganec with his family. When thinking about this new temple as well as about all temples built in the last 20 centuries, and even before that, the question what is the main motivation for one to build a temple for God arises. There were tsars before Solomon, before Constantine and before Iustinianus, and there were after them; all of them were rich but not all of them built. Nowadays there are also many individuals and families, business owners and businessmen who have financial possibilities but not all of them built and not all of them are thankful to God for what they have.

In order for one to build a temple, beside financial means, he/she above all needs to have enough love, love for God and the Church as well as for their nation. In order for one to build a temple, first it is necessary that temple to be build inside oneself through faith and we need to show with our deeds that we live for God and the Holy Saints. Let it be known – Who builds for God, builds a monument for eternity! Who builds for God, builds for all! God does well to everyone! The ktitor, prof. Vancho Chifliganec with his family invested great skill and the necessary art, but above all he invested LOVE in the temple they built! .
Let the merciful God, through the prayers to St. John – the protector of the temple and protector of the home of the ktitor – award him for his effort and gift! Amin.
With God's Blessing,
Archbishop of Ohrid and Macedonia Stefan



*Потпишување на повелба – осветување црква Свети Јован Крстител*
*Signing of the Charter – Consecration St. John the Baptist Church*

# ЖИТИЕ ЗА СВ. ЈОВАН КРСТИТЕЛ

Свети Јован Крстител, важен светец и маченик во христијанството, е пророк кој се родил шест месеци пред Христос и бил наречен Претеча, поради неговата објава на веста за доаѓањето на Месијата. За Јован, самиот Спасител рекол дека е најголем меѓу родените од жена и дека до него се „законот и пророците“, а од него па натаму Царството Божјо се проповеда со Евангелието. Тој го крстил Исус Христос во реката Јордан.

Својата младост, св. Јован ја поминал во пустина, а почнал да проповеда во својата триесетта година, во 15-тата година од царувањето на Тивериј, најнапред во јорданската пустина, а потоа на јорданскиот брег. Неговото крштение со вода е само подготовка за пречекот на Месијата кој доаѓа и е поголем од него. Јован го крштева својот братучед Христос во реката Јордан, за да „ја исполни секоја правда“ и го претставува Исус на народот како „јагне Божјо кое ги зема гревовите на светот“. Јован е погубен од царот Ирод, по желба на неговата жена Иродијада која ја побарала главата на Јован. Моштите на св.Јован Крстител се наоѓаат на неколку места низ светот, меѓу кои и Бигорскиот манастир на св.Јован Крстител во Македонија, каде што се наоѓа дел од дланката на светителот.

Празникот Свети Јован Крстител се прославува неколку пати во годината, но народот најмногу го празнува на 20. јануари, на денот по Богојавление, што поради важната улога на крштевањето на Исус Христос, древната црква го посветила во спомен на св.Јован.




*Икона Свети Јован Крстител – иконостас*
*Icon of St. John the Baptist – iconostasis*



# HAGIOGRAPHY OF ST. JOHN THE BAPTIST

St. John the Baptist, important saint and martyr in Christianity is a prophet who was born six months before Christ and was called Pretecha due to his announcement of the news about the arrival of the Messiah. The Saviour himself said that John was the biggest among the people born by a woman and that up to his birth the “law and prophets” existed, and after his birth the Gospel was preached in the Kingdom of God. He baptized Jesus Christ in the river Jordan.

St. John spent his youth in a desert and started preaching when he was thirteen in the 15th year of ruling of king Tiverious, firstly in the Jordanian desert and then on the Jordanian coast. His baptizing with water was just a preparation for the welcoming of the Messiah who was coming and was greater than himself. John baptized his cousin Christ in the river Jordan in order to “do all justices” and presented Jesus to the people as “lamb of God who takes the sins of the world to himself”. John was executed by King Herod upon a wish made by his wife who asked for John’s head. The relics of St. John the Baptist are located on several places throughout the world among which is the Bigorski Monastery dedicated to St. John the Baptist in Macedonia, where a part of this saint’s hand is located.

The St. John the Baptist holiday is celebrated several times during one year, but it is mostly celebrated on January 20, on the day of Epiphany which was dedicated by the ancient church in memory of St. John as a result of the important role he had in the baptizing of Jesus Christ.




*Икона Свети Јован Крстител – иконостас*
*Icon of St. John the Baptist – iconostasis*

# ЖИТИЕ: НАОЃАЊЕ НА ГЛАВАТА НА СВ. ЈОВАН КРСТИТЕЛ



*Раѓање на Свети Јован Претеча*
*Birth of St. John the Baptist*

- Великиот и славен Крстител Јован беше убиен по желба и наговор на злобната Иродијада, жената на царот Ирод. Откако му ја отсекоа главата, Иродијада нареди да не му ја погребуваат заедно со телото, зашто се плашеше дека страшниот Пророк би можел некако да воскресне. Затоа ја зеде неговата глава и ја закопа на едно скриено и бесчесно место, длабоко во земјата. Нејзината дворјанка Јоана, жената на Хуза, не можеше да трпи главата на Божјиот човек да остане на она бесчесно место, па тајно ја откопа, ја однесе во Ерусалим и ја закопа на Елеонската Гора. Не знаејќи за сето тоа, кога царот Ирод дозна дека Исус врши големи чуда, се уплаши и рече: „Тоа е Јован кого што јас го убив, стана од мртвите“ (Марко 6, 16). По извесно време, еден угледен богаташ поверува во Христа, ја остави својата висока позиција и суетата на светот и се замонаши, па како монах со името Инокентиј се насели на Елеонската Гора, токму на она место каде што беше закопана главата на св.Јован Крстител. Сакајќи да си ѕида ќелија, копаше длабоко и пронајде земјан сад и во него глава за којашто на таинствен начин му беше јавено дека е на Крстителот. Тој ја целиваше и ја закопа на истото место. По Божја Промисла оваа чудотворна глава подоцна одеше од рака на рака и понираше во мракот на заборавот, па одново беше објавувана, додека најпосле, во времето на благочестивата царица Теодора, мајка на Михаил, жена на царот Теофил, во времето на патријархот Игнатиј, не беше пренесена во Цариград. Од главата на Светиот Предвесник се извршија многубројни чуда. Значајно и интересно е тоа што додека беше жив, св.Јован не изврши ниедно чудо (Марко 10, 41), а на неговите Свети мошти им се даде дар на чудотворство.



# HAGIOGRAPHY: RETRIEVAL OF ST. JOHN THE BAPTIST’S HEAD



*Наоѓање на главата на Свети Јован Претеча*
*Finding of St. John the Baptist's head*

-The great and celebrated John the Baptist was murdered by request and wish of Harod’s evil wife. After having his decapitated, Harod’s wife gave an order the head not to be buried with the body because they were scared that the scary prophet might somehow rise from the dead. That is why she took his head and buried it in a secret and unholy place deep in the ground. The noble Joanna, Chuza’s wife, could not stand the fact that the head of this holy man is buried in an unholy place, so she secretly unburied it, took it to Jerusalem and buried it on the Mount of Olives. Having no knowledge of this, when King Herod found out that Jesus was performing great miracles, he got scared and said: “That is John who I have killed, he rose from the dead” (Marco 6, 16). After a while, one eminent rich man placed his faith in Christ, left the high position he was holding as well as the vanity of the world and became a monk. As a monk he was given the name of Innocent and moved to very place on the Mount of Olives where the head of St. John the Baptist was buried. Wanting to build a room for himself, he was digging deep in the ground and found a crock with a head in it, for which he was secretively told that it was the head of the Baptist. He kissed it and buried it on the same place. Upon God’s Providence this miraculous head was handed over from one person to another and sank in the darkness of oblivion and then resurfaced again until the time of the holy empress Theodora, mother of Michael and wife of Theophilos, in the period of Bishop Ignatius when it was transferred to Constantinople. The head of holy prophet was part of numerous miracles. It is significant and important that while St. John was alive he did not performed not even one miracle (Marco 10, 41) but his relics was awarded with the gift of miraculousness.

# ЛОКАЦИЈА НА ЦРКВАТА

Новиот црковен храм Свети Јован Крстител во Скопје е лоциран во модерната општина Аеродром, на десната страна на кејот на реката Вардар, во новиот парк препознатлив по неговиот симбол - авионот. Црквата се наоѓа веднаш до мостот Близнак, на аголот на пресекот на булеварите Србија и АСНОМ. Наспроти овој локалитет е локацијата на која се гради новиот хотел Хилтон, а во близина е и локацијата за новиот аква-парк што е во план за изградба на овој простор во Скопје. Во близина на црковниот храм е модерниот комплекс „Адора" во Ново Лисиче, во чии рамки се девет елитни станбено-деловни објекти и модерен трговско-деловен центар. Црквата Свети Јован Крстител е сместена на просторот каде што се вкрстуваат главните сообраќајни артерии на влез и излез од Скопје, од и кон Велес, Куманово и Белград, со лесен пристап на развиената патна инфраструктура во општината Аеродром и Скопје и јавниот градски превоз. Освен со возила, до овој сакрален објект лесно се стигнува пеш по шеталиштето на кејот на реката Вардар, од центарот на Скопје, како и од сите локации, објекти и институции во општина Аередром и населбата Ново Лисиче каде што живеат голем број граѓани.




*Мапа – црква Свети Јован Крстител – Општина Аеродром – Скопје*
*Map – St. John the Baptist Church – Municipality of Aerodrom – Skopje*





# LOCATION OF THE CHURCH

The new holy temple of St. John the Baptist in Skopje is located in the modern municipality of Aerodrom, on the right side of the bank of river Vardar, in the new park known by its symbol – the airplane. The church is located right next to the Bliznak Bridge on the corner of boulevards Srbija and ASNOM. Across this church is the construction site for the new Hilton hotel and the new Aqua Park is in close proximity also, which was planned for this part of Skopje. Near the church in Novo Lisiche is the modern complex Adora within which there are nine elite residential and business buildings and a modern trade and business centre. St. John the Baptist church is paced where the main traffic arteries for entering and exiting Skopje, from and to Veles, Kumanovo and Belgrade, cross with easy access to the developed road infrastructure in the Municipality of Aerodrom and Skopje as well as the city public transportation. Besides using a car, you can get to this sacral building on foot using the esplanade on the Vardar's bank from the Skopje's centre as well as from all locations, buildings and institutions in the Municipality of Aerodrom and Novo Lisiche where large numbers of people live.



# АРХИТЕКТУРА

Со векови, црквите се суштински елемент на западниот свет, но приказната за тоа како тие настанале вклучува многу повеќе од архитектонски стил. Кои биле аспирациите на големите црковни градители и како тие придонесувале со тоа што го граделе за идните генерации да ги менуваат сфаќањата за нивната врска со Бога? Во основа, треба да се разбере дека сите градби биле сметани за свети, што значи дека начинот на којшто ќе ја изградите својата куќа и начинот на живот во неа е одраз на она за што верувате дека е вистина во светот во којшто живеете, истовремено создавајќи поврзаност со оној што ја изградил. Ако тоа се однесувало на домовите, што да се каже тогаш за религиозните градби. Дури и најскромната капела била „мал рај на земјата", како што рекол епископот Германус, опишувајќи ја црквата.
И денес, при изградбата на нови цркви, со над 2.000 години историја на архитектурата, дефинирани се сите главни компоненти на уметноста – од теорија, планови и модели, до конструктивни елементи, како столбови, сводови и куполи, материјали и декоративни елементи.
На многу атрактивна локација во општина Аеродром, на аголот меѓу булеварите Србија и АСНОМ, изградена е црквата Свети Јован Крстител, со висина од 15,5 метри. Главниот влез на храмот се наоѓа од западната страна, од каде што низ неколку скали и пристап со рампа се доаѓа до натриениот трем пред главниот влез на кота 0,00. Во наосот - централниот внатрешен дел во храмот можат да присуствуваат до 230 верници на верските богослужби во црквата. Пред олтарната преграда е обезбеден простор за потребите на свештеникот за изведување на верските обреди. Во олтарот, во поткуполниот дел, во полукружните конхи е обезбеден простор за проскомидија и ѓаконикон.





# ARCHITECTURE

Century by century the churches have been essential part of the Western world but the story of their emerging included more than just an architectural style. What were the aspirations of the great church builders and how did they contribute by building for future generations and changing the understanding about their faith in God? In general, it should be understood that all buildings were considered holy which means that the manner on which you will build your house and how you live in it, is a reflection of what you believe it is true in the world which you live in, at the same time creating attachment with the person who build it. If this referred to homes, what is there to say for the religious buildings? Even the most modest chapel was "small heaven on Earth" as told by the episcope Germanus describing the church.
Today, in the construction of the new churches with over 2000 years of architectural history, all major art components – from theory, plans and models to construction elements such as pillars, arches and domes, materials and decorative elements – are defined.
The church of St. John the Baptist, with height of 15.5 metres, is built on a very attractive location in the Municipality of Aerodrom on the corner of boulevards Srbija and ASNOM. The main entrance of the temple is on west side, where after passing few stairs and a wheelchair ramp, you reach the porch before the main entrance on cote of 0.00.
The naos – central internal part of the temple can hold up to 230 believers during the religious ceremonies in the church. Before the altar there is a space for the priest's needs in order to perform religious ceremonies. In the altar, in semi-domes there is a space for Liturgy of Preparation and diaconicum.



## Црковен храм Свети Јован Крстител

Северно и јужно од наосот, во полукружните конхи, во рамките на олтарот има две еднокрилни врати, а за потребите на свештеникот е изработена двокрилна врата - царски двери - од ореово дрво во рељеф, во централниот дел на иконостасот.

On the north and south of the naos, in the semi-domes, within the altar there are two one-winged doors, and for the needs of the priest there is one two-winged door – royal doors made of walnut with relief decoration in the central part of the iconostasis.

Лево од главниот влез во наосот се наоѓаат кружни скали кои водат кон галеријата што служи за црковниот хор, како и за дел од верниците кога за тоа ќе има потреба. Впечатлив детал од ентериерот на црквата е оградата на галеријата што е изработена од масивно дрво.

Left from the main entrance in the naos there are spiral staircases towards the gallery and this is a place for the church chorus as well as for the believers if need arises. A distinct detail of the church interior is the fence in the gallery made from hard wood.



*Ентериер – олтар – иконостас*
*Interior – alter – iconostasis*





*Галерија за црковен хор*
*Gallery for the church chorus*



*Царски двери*
*Royal doors*



## Church Saint John the Baptist

Во црквата има три врати, една двокрилна на главниот влез, на западната страна од црквата и две еднокрилни на странични-те влезови на јужната и север-на страна од црквата. Врати-те се изработени од масивно дрво со резба со старозаветни христијански мотиви.

There are three doors in the church, one two-winged door at the main entrance, on the west side, and two one-winged doors at the side entrances on the south and north side of the church. The doors are made from hard wood carved with Christian motives from the Old Testament.



Покрај централната купола на црковниот храм, про-ектирани се уште четири странични куполи со ци-линдрична форма. На овој начин, со петте куполи се збогатува екстериерот на црквата во целина, што асоцира на нашата древна црковна архитектура од периодот на 12-тиот до 15-тиот век.

Around the central dome of the church, four more cylin-drical shape side domes are designed. Therefore, the five domes enrich the exterior of the church which indicates to our ancient church architecture from the period from 12th to 15th century.



*Влезна врата*
*Entrance door*





*Детали од фасада*
*Facade details*

## КОНСТРУКТИВЕН СИСТЕМ И АРХИТЕКТОНСКО-ТЕХНИЧКА ОБРАБОТКА

Објектот, во статичка смисла, претставува армирано-бетонски скелетен систем комбиниран со носиви ѕидови. Главниот носив систем се армирано-бетонски лачни носачи, на кои лежат цилиндрични плочи. Меѓукатната конструкција на галеријата е изведена како лесна масивна армирано-бетонска рамна плоча. Таваните во наосот, олтарот и галеријата се изведени од сфери, полуцилиндрични масивни лиени армирано-бетонски плочи, а на куполите се полукружни калоти. До галеријата водат скали со спирална форма.

Кровната конструкција е изведена на редок традиционален начин со ќерамида од стар тип, редена како во минатите векови, под која е поставен слој од хидроизолација - „Бикутоп", а во составот на перлит-масата се поставени празни тули за вентилација.

Малтерисувањето на сите внатрешни површини на ѕидовите и на таваните е исклучиво со чист варов малтер во два слоја, соодветен за живописување. Подот е изведен од четири видови природни материјали - мермер и гранит, од кои се изведени сложени шари, меѓу кои централната симболизира вечност.



*Црква – градба*
*Church – Construction*



## CONSTRUCTION SYSTEM AND ARCHITECTURAL AND TECHNICAL PROCESSING



In static terms, the building is a reinforced concrete skeletal building structure combined with loadbearing walls. The main loadbearing system is from reinforced concrete arc pillars which hold cylindrical plates. Between stories construction of the gallery is constructed as light massive reinforced concrete flat plate. The ceilings in the naos, altar and gallery are made by spheres, semi-cylindrical massive reinforced concrete plates, and we have semi-circular spherical caps at the domes. There is spiral staircase leading to the gallery.

The roof construction is constructed on a rare traditional manner with old fashioned type of tiles, placed as in the centuries past, under which there is a layer of Bikutop for achieving hidroinsulation, and there are empty bricks in the perlite for ventilation.

The placing of the mortar on all external surfaces of the walls and on the ceilings is exceptionally done with clean lime mortar in two layers adequate for wall-painting. The floor is made by four different natural materials – marble and granite with very complex design, among which the central one symbolizes eternity.



*Екстериер – црква*
*Exterior – church*



*Ентериер – црква*
*Interior – church*

# Црковен храм Свети Јован Крстител






*Основа – проект – црква*
*Foundation – project – church*

Фасадите се изведени со традиционален третман во комбинација на клесан камен-враца и полна декоративна тула, со византиски фасаден изглед на црквите, додека транзените - прозорски отвори, се од бел цемент, избоени со црвен пигмент и застаклени. Топеното стакло во прозорците е со спирален мотив, рачна изработка, а во камбаната има мотив на крст, што дава визуелни светлосни ефекти кои придонесуваат за мистичност на амбиентот. На петте куполи, при нивното бетонирање, се поставени метални анкерни плочи со светлосни крстови.




*Источна фасада – црква*
*East facade – church*




*Западна фасада – црква*
*West facade – church*




*Јужна фасада – црква*
*South facade – church*



# Church Saint John the Baptist



The face of the building is made with traditional treatment in combination of carved stone and fully decorative bricks, having Byzantine look while the window openings are from white cement coloured with red pigment and they are also glazed. The fused glass in the windows has spiral motive; it is hand-made, and the bell tower has a motive of a cross which provide light visual effects contributing to the mystic atmosphere. There were metal anchor plates with radiant crosses placed on the five domes while concreting.




*Пресек – црква – попречен*
*Cross – section – church*




*Пресек – црква – подолжен*
*Longitudinal section – church*

Со начинот на изведба и со богатото архитектонско обликување и во екстериерот и во ентериерот на објектот, овој храм претставува едно од најавтентичните нови црковни остварувања кој со специфичен, препознатлив изглед е изграден според традициите на нашето културно наследство, во овој период.
Автори на архитектонскиот проект се архитектите Тања Паскали-Бунташеска и Анита Пејчиноска од Охрид и архитектите од проектантското биро на Адора Инженеринг: Ванчо Ѓеорѓиевски, Ванѓел Ташовски, Нина Стрезоска, Ивана Бајкова-Шаља, Марија Блажеска, Софија Дуљанова, Билјана Веселинова и Роберт Старделов.
Црковниот комплекс е дополнет со камбанарија висока 18,5 м, на која има крст висок 2,5 м и ѕвоно со тежина од 430 кг, а дворот го краси и фонтана во форма на крст со три водоскоци, што нуди прекрасен амбиент и поглед за посетителите кои можат да уживаат во хортикултурно уредениот простор облагороден со трева и цвеќиња, каде што има одморалишта со клупи за посетителите, партерно уредување со пешачки патеки, поплочени со автентичен камен.


*Камбанарија*
*Bell tower*





With the manner of construction and the rich architectural shaping in the exterior and interior of the building, this temple is one of the most authentic new churches with specific look built according to the traditions of our cultural heritage in this period.
Authors of the architectural project are the architects Tanja Paskali-Buntasheska and Anita Pejchinoska from Ohrid and the architects from the design studio of Adora Engineering: Vancho Gjeorgjievski, Vangjel Tashovski, Nina Strezoska, Ivana Bajkova-Shalja, Marija Blazheska, Sofija Duljanova, Biljana Veselinova, Robert Stardelov and Hristina Gjorgieva.
The church complex is supplemented with bell tower of 18.5 m, where a 2.5 m cross and a 430 kg bell are placed. The yard is decorated with a fountain in a shape of a cross with three sprays of water offering beautiful atmosphere and view for the visitors who can enjoy in the horticultural arranged space enriched with grass and flowers and benches for the visitors, as well as foot paths with authentic stone.



Посебна автентичност на црковниот комплекс му дава големиот природен камен со тежина од 15 тони, што датира од пред 25 милиони години, донесен од рудникот Бучим кај Радовиш, каде ктиторот проф. д-р Ванчо Чифлиганец помина плодни 25 години како истражувач и успешен менаџер. На каменот поставен на влезот во црковниот храм, се испишани пораките кои се главни животни водилки на ктиторот д-р Чифлиганец и суштински мотиви за подигнување на црквата.




*Стар природен камен со пораки*
*Old natural stone with inscriptions*












The big natural stone with weight of 15 tones, dating from 25 million years ago, brought from the Buchim mine in Radovish, where the ktitor prof. Vancho Chifliganec spent 25 fruitful years as a researcher and successful manager provides the special authenticity of the church complex. The massages which guide the ktitor prof. Chifliganec through life and which were essential motives for construction of the church are written on the stone placed at the church entrance.



***"My grand grandfather was a farmer on an Ottoman property – a farm during a time when we did not have our own state, our own church, and we were not recognized as a nation. With strong and honest faith in God we managed to survive and now we have independent and sovereign state with recognized Macedonian identity and Macedonian Orthodox Church – Archbishopric of Ohrid. That is why I give the St. John the Baptist Church to my country Macedonia and to my proud Macedonian people."***
***ktitor prof. Vancho Chifliganec Ph.D. with his family***

***"ONLY THE DEEDS ARE TRUE WITNESS FOR OUR EXISTING."***

***"LIFE IS WORK, WORK AND ONLY WORK WITH FAITH IN GOD."***

***"AS THE STONE WEIGHS ON ITS PLACE, THE MAN WEIGHS WITH HIS DEEDS."***



**Богородица во Ширшаја – олтарна апсида**
**Virgin Mary – alter apse**



**Живопис – архиереји**
**Wall-painting – prelates**



**Ентериер – живопис**
**Interior – wall-painting**

# СИДНО СЛИКАРСТВО

Живописот во внатрешноста на новоизградената црква Свети Јован Крстител во општина Аеродром, Скопје, е сидно сликарство налик на класичното византиско сликарство, насликано со акрилична техника. Авторите на живописот, професорот Венко Цветков од Скопје и браќата Ромејо и Тони Коцеви од Радовиш, мошне коректно ја пренеле византиската традиција, за што како пример при сидното сликарство е земена типологијата во црковните објекти од византискиот период. Притоа е задржан редот за сидното сликање на православните храмови според црковните канони. Живописот во црквата Свети Јован Крстител е правен под водство на комисија од МПЦ предводена од Архиепископот Охридски и Македонски г.г. Стефан, во консултации и со стручен надзор на проф. м-р Благоја Кузмановски, Јани Антониев, проф. д-р Валентина Божиновска и проф. д-р Елизабета Димитрова.

Влезниот трем во храмот е насликан со претстави на Исус Пантократор, архангелите Михаил и Гаврил и сцена од житието на св. Јован Крстител.

Во олтарната апсида на црквата, просторот каде што свештените лица ги вршат богослужбите, главна сцена во живописот е Богородица во Ширшаја со Благовестието, под која е насликано причестувањето на апостолите и поклонението на архиереите пред Агнецот Божји - младиот Исус Христос.



# WALL PAINTING

The wall-painting in the interior of the newly built church of St. John the Baptist in the Municipality of Aerodrom, Skopje, is a wall painting which looks alike classical Byzantine painting, painted with acrylic technique. The wall-painting authors, Professor Venko Cvetkov from Skopje and the brothers Romejo and Toni Kocevi from Radovish conveyed the Byzantine tradition taking the typology of churches from the Byzantine period as an example for the wall painting. The order of the orthodox temples wall painting is kept according to the church canons. The wall-painting of the St. John the Baptist church is made under leadership of a commission from the Macedonian Orthodox Church lead by Archbishop of Ohrid and Macedonia Stefan in consultation and expert supervision of prof. Blagoja Kuzmanovski, Jani Antoniev, prof. Valentina Bozhinovska and prof. Elizabeta Dimitrova.

The entrance of the temple is painted with pictures of Christ Pantocrator, archangels Michael and Gabriel and a scene from the St. John the Baptist Hagiography.

In the altar apse of the church, the space where the priests do the religious ceremonies, as main wall-painting is the Virgin Mary with the Annunciation, under which is the holy communion and bowing of the prelates before the Son of God – infant Jesus Christ.



**Живопис-Исус Пантократор**
**Wall-painting – Christ Pantocrator**



**Сцени од животот на Исус Христос**
**Scenes from Jesus Christ's life**





*Претстави на значајни светители од христијанството, главни воини и жени просветителки*
*Presentations of significant Christian saints, main warriors and female saints*



Околу олтарот се насликани столпниците, а во најдолната зона на централниот дел од храмот - наосот се претставени позначајните светители од времето на христијанството како св.Петар и Павле, св. Никола, св.Гаврил Лесновски и св.Јоаким Осоговски, св.Климент и Наум, главните воини св.Ѓеорѓиј, св.Димитрија, безсребрениците, двајцата браќа исцелители Кузман и Дамјан, жените просветителки св.Петка и св.Недела, св.Константин и Елена, просветителите св.Кирил и Методиј и други светители кои оставиле трага во христијанството на овие простори.
Во првата зона во влезниот дел од храмот се насликани и светители од локален карактер како св.Злата Мегленска, св.Трифун и Спасо Радовишки.
На западната страна, во влезот на црковниот храм, на ѕидот околу нартексот се насликани Архиепископот Охридски и Македонски, г.г. Стефан, како и ктиторот, проф. д-р Ванчо Чифлиганец со семејството.




*Свети Спасо Радовишки*
*St. Spaso of Radovish*





*Архиепископ Охридски и Македонски г.г Стефан*
*Archbishop of Ohrid and Macedonia Stefan*



*Ктитор проф. д-р Ванчо Чифлиганец*
*Ktitor prof. Vancho Chifliganec Ph.D.*

The stylites are painted around the altar, and in the lowest central part of the temple – the naos the most significant saints from the Christianity period such as St. Peter and Paul, St. Nicolas, St. Gabriel of Lesnovo and St. Joakim Osogovski, St. Clement and Naum, main warriors such as St. George, St. Demetrius, the two healers, the brothers Cosmas and Damian, the female saints St. Parascheva and St. Nedela, St. Constantine and Helena, St, Cyril and Methodius and many other saints who left a mark on Christianity in these regions are painted.
In the first zone from the entrance in the temple also local saints like St. Zlata of Meglen, St. Tryphon and Spaso of Radovish are painted.
On the west side, at the church entrance, on the wall around the narthex the Archbishop of Ohrid and Macedonia Stefan as well as the ktitor, prof. Vancho Chifliganec with his family, are painted.



***Сцени од животот на Пресвета Богородица и Свети Јован Крстител***
***Scenes from the life of St. Mary and St. John the Baptist***





На просторот над влезната врата на западната страна од внатрешниот ѕид на црквата, кај галеријата за црковниот хор, е живописот Успение на Пресвета Богородица, Акапист на Пресвета Богородица-Балаклија, како една од најзначајните сцени што е задолжителен дел од репертоарот на ѕидното сликарство во црквите.
Во втората зона е насликан фриз на архиереи.
Во третата зона се сцените од животот на Богородица, Раѓање Богородично и Воведение на Богородица во храм и сцени од животот на св.Јован, Раѓање на св.Јован Претеча и Второ наоѓање на главата на св.Јован Претеча.
Во просторот под главната купола, во мандорлата, најгоре во храмот е претставен Исус Пантократор со ангелите. Под тоа, во апсидата, се насликани сцените од животот на Исус Христос, од раѓањето до неговото воскресение. Потоа доаѓаат сцените со пророците кои го навестуваат доаѓањето на Исус Христос, под кои се пандантифите во кои се претставени евангелистите Матеј, Марко, Јован и Лука.





***Претстава-раѓање Христово***
***Representation – Birth of Christ***



***Претстава-воскресение Христово***
***Representation – Resurrection of Christ***

On the space above the entrance door on the west side of the interior wall of the church, towards the gallery for the church chorus, is the wall-painting of the Assumption of Mary, Akathist of St. Mary – East Friday as one of the most significant scenes which is a compulsory part of the church wall painting.
In the second zone there is a frieze of prelates.
In the third zone there are scenes from Mary's life, her birth and introduction of Mary to the church and scenes from St. John's life, the birth of St. John and the second finding of his head.
In the space under the main dome, in the mandorla, in the highest part of the temple is Christ Pantocrator with the angles. Beneath that, in the apse, there are scenes of Jesus Christ's life, from his birth to his resurrection. Then we have the scenes when the prophets announce the birth of Jesus Christ, under which are the pendentives presenting the evangelists Mathew, Marco, John and Luke.







***Живопис-пандатифи-евангелисти***
***Wall-painting – pendentives – evangelists***

# МОЗАИК И ИКОНОСТАС

На просторот над главната влезна врата од резба со христијански орнаменти е поставен мозаик посветен на патронот на црковниот храм, св.Јован Крстител. Претставата е изработена во духот на византиските мозаици со позлатени камчиња, набавени од Венеција, од единственото семејство што ги произведува овие камчиња во светот, и од природни камчиња, собрани низ цела Македонија. Мозаикот го изработија академскиот сликар проф м-р Благоја Кузмановски и академскиот скулптор Јани Антониев.

Иконостасот во црквата е изработен од камен-мермер, со што црковното градителство во последно време се враќа на оваа стара традиција што датира од византискиот период во Македонија.




*Мозаик Свети Јован Крстител – влез – црква*
*Mosaic of St. John the Baptist – entrance – church*





# MOSAIC AND ICONOSTASIS

In the space above the main entrance door carved with Christian ornaments, there is a mosaic dedicated to the protector of the church, St. John the Baptist. It is made in the spirit of the Byzantine mosaics with golden stones, purchased from Venice, from the only family in the world that produces these stones and natural stone collected throughout Macedonia. The mosaic was made by the academic artists prof. Blagoja Kuzmanovski and Jani Antoniev.

The iconostasis in the church is made from marble, thus returning the church building to that old tradition which dates from the Byzantine period in Macedonia.



*Иконостас*
*Iconostasis*



# ИЗГРАДБА НА ЦРКВАТА СВЕТИ ЈОВАН КРСТИТЕЛ (2012-2014)

Црковниот храм Свети Јован Крстител започна да се гради на седми јуни 2012 година, со благослов и осветување на темелите од сранa на Архиепископот Охридски и Македонски, г. г. Стефан и свештенослужители на МПЦ, со поддршка на Советот, службите на општина Аеродром и градоначалникот Ивица Коневски, во присуство на ктиротот, проф. д-р Ванчо Чифлиганец со семејството, претставници на институции, вработените во Адора Инженеринг и голем број грѓани, како дар за сите православни верници во општина Аеродром, Скопје, Македонија и целиот христијански свет.
На свечената церемонија што се изврши според каноните на МПЦ и православните обичаи, Архиепископот Охридски и Македонски, г.г. Стефан, истакна дека локацијата е идеална за подигнување на црква која по Божја промисла започна да се гради на празникот „Трето наоѓање на главата на св.Јован Претеча Крстител“, до реката Вардар, македонскиот Јордан.
„Храмот ќе ги грее душите на верниците и затоа порачувам да се множат ваквите проекти кои со помош на ктиторите, како што е семејството Чифлиганец, ќе ги исполнат со нови светилишта празните простори во Скопје, што не треба да наликуваат на пустина“- порача поглаварот на МПЦ, г.г. Стефан.



*Осветување на темели – црква 7 јуни 2012 Consecration of foundation – church June 7, 2012*



# CONSTRUCTION OF THE ST. JOHN THE BAPTIST CHURCH (2012-2014)

The construction of the St. John the Baptist Church began on June 7, 2012 with blessing and consecration of the foundation by the Archbishop of Ohrid and Macedonia Stefan and holy men from the Macedonian Orthodox Church, with support by the Council and Services of Municipality of Aerodrom and the Mayor Ivica Konevski, with the presence of the ktitor, prof. Vancho Cifliganec and his family, representatives from different institutions, the employees of Adora Engineering and large number of citizens as a gift for all orthodox believers in the Municipality of Aerodrom, Skopje, Macedonia and entire Christian world.
On the official ceremony performed according to the canons of the Macedonian Orthodox Church and the orthodox traditions, the Archbishop of Ohrid and Macedonia Stefan pointed out that the location is ideal for construction of a church whose construction with God's blessing started on the "Third finding of the head of St. John the Baptist" holiday next to the river Vardar, the Macedonian Jordan.
"The temple will warm the souls of the believers and that is why I recommend this kind of projects to be increased with assistance of the ktitors, such as the Chifliganec family, who will fill the empty spaces, which should not look like a desert, in Skopje with new sanctuaries" – said the head of the MOC, Stefan.



*Архиепископ Охридски и Македонски г.г Стефан Archbishop of Ohrid and Macedonia Stefan*



*Ктитор проф. д – р Ванчо Чифлиганец Ktitor prof. Vancho Chifliganec Ph.D.*

## Црковен храм Свети Јован Крстител







*Изградба – црква / Construction – church*

„Во изминатите години најмногу инвестиравме во модерната урбана општина Аеродром во Скопје. Како општествено одговорна компанија која постојано донира и остава дела за пошироката заедница, овој свет храм, Свети Јован Крстител, им го подаруваме и посветуваме на сите жители на Аеродром, граѓани на Скопје и Македонија. Со оглед на намерата и намената, црквата нема цена, но најважно е што станарите во нашите згради и сите жители на Аеродром ќе добијат свое свето место, изградено од камен, според црковните канони, за духовно и верско исполнување, каде што ќе бидат под закрилата на Господ Бог и св.Јован Крстител“ - порача проф. д-р Ванчо Чифлиганец, ген. менаџер на АДОРА Инженеринг, инвеститор и ктитор на црквата, на чинот на осветување на темелите и почетокот на нејзината изградба.



Во секојдневната посветена двегодишна работа во изградбата на црквата учествуваа еминентни архитекти, инженери, зографи, стотина вредни работници-градители, каменорезачи, мајстори и неимари од различни религии, од сите краеви на Македонија. Придонес во градењето дадоа и бројни соработници, стручни консултанти и дваесетина фирми добавувачи, сите ангажирани со голема љубов, посветеност и верба во Бога, свесни дека градат храм за духовно исполнување на православните верници за долги времиња.



Во текот на изградбата на црковниот објект, постојано активно соработуваше и МПЦ и Архиепископот Охридски и Македонски, г.г. Стефан, се работеше под будното око на ктиторот, проф д-р Ванчо Чифлиганец, со грижа и љубов на неговото семејство, со помош на повеќе добронамерни фирми и учество на сите вработени во компанијата Адора Инженеринг.



## Church Saint John the Baptist

“In the past years we invested the most in the modern and urban Municipality of Aerodrom in Skopje. As a socially responsible company that places donations and leaves deeds for the wider community, we give and dedicate this holy temple, St. John the Baptist, to all citizens of Aerodrom, citizens of Skopje and Macedonia. Having in mind the intent and purpose, the church does not have a price, but what is most important is that the tenants in our buildings and all citizens of Aerodrom will have their own holy place, build from stone according to the church canons for spiritual and religious fulfilment where they will be under protection of God and St. John the Baptist” – said prof. Vancho Chifliganec, general manager of ADORA Engineering, investor and ktitor of the church, on the act of consecration of the foundation and the beginning of construction.

In the everyday dedicated work for two years of the construction of the church, prominent architects, engineers, painters, about hundred hard-working construction workers, stone carvers, craftsmen and builders from different religions from all regions of Macedonia participated in construction of the church. Also numerous associates, expert consultants and about twenty suppliers provided their contribution and they were all engaged with big love, dedication and faith in God, aware that they are building a temple for spiritual fulfilment of the orthodox believers for the times to come.



*Градители – неимари*
*Builders*



*Посети на Поглавар на МПЦ г.г. Стефан – црква – изградба*
*Visits of the MOC Chief Mr. Stefan – church – construction*





## Црковен храм Свети Јован Крстител

Црквата Свети Јован Крстител изградена со висина од 15,5 метри во општина Аеродром, претставува редок сакрален објект со голема автентичност, изграден во поново време, што за МПЦ, за православните верници и како културно-историско богатство е од непроценливо значење за Скопје и за цела Македонија.





*Изградба – црква Свети Јован Крстител (2012 – 2014)*
*Construction St. John the Baptist Church (2012 – 2014)*






Храмот Свети Јован Крстител во Ново Лисиче, општина Аеродром, Скопје, е целосно завршен, уреден, опремен со сите реликвиски предмети и осветен од Неговото Блаженство, Архиепископот Охридски и Македонски, г.г Стефан, на пригодна свеченост на 14 јуни, во летото Господово 2014.



## Church Saint John the Baptist






*Изградба – црква Свети Јован Крстител (2012 – 2014)*
*Construction – St. John the Baptist Church (2012 – 2014)*

During the construction of the church, also the MOC and Archbishop of Ohrid and Macedonia Stefan actively cooperated. The works were done under the watchful eye of prof. Vancho Chifliganec, with care and love of his family, with help of more companies with good intentions and participation of all employees of Adora Engineering.




The St. John the Baptist Church, 15.5 meters tall in Municipality of Aerodrom, is rare sacral building with big authenticity, build in more recent time, which for MOC, for the orthodox believers and as cultural and historical wealth priceless for Skopje and entire Macedonia.
St. John the Baptist temple in Novo Lisiche, Municipality of Aerodrom, Skopje, is completely finished, arranged and equipped with all relics and it is consecrated by this holiness, the Archbishop of Ohrid and Macedonia Stefan, on June 14, 2014.

# НОВО ОБЕЛЕЖЈЕ ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ, СКОПЈЕ

Новиот православен црковен храм Свети Јован Крстител во паркот со авион во Ново Лисиче, претставува ново атрактивно и препознатливо обележје кое ја краси општината Аеродром и овој дел на Скопје. Црквата, со својата ретка убавина, мозаикот, фонтаната, паркот и комплетната уреденост на просторот кој воноќните часови е осветлен со специјална илуминација, ги привлекува погледите на сите минувачи и гости во овој дел на Скопје и мами голем број посетители. Вратите на храмот со кој ќе располага Македонската Православна Црква, ќе бидат отворени за сите православни верници кои тука, според обичаите, ќе ги слават верските празници, ќе ја одржуваат христијанската тадиција, ќе се молат за здравје, среќа и берикет, ќе си наоѓаат свето место под закрилата на св.Јован и ќе се исполнуваат духовно, собирајќи сила, енергија и надеж да се соочат со предизвиците во животот.

Православните жители на Ново Лисиче и граѓаните на општина Аеродром кои имаат свој дом во блиските станбени објекти, сега имаат уште еден црковен храм каде што ќе бидат поблиску до Бога, наоѓајќи мир и спокој по секојдневните патешествија.





# NEW LANDMARK IN THE MUNICIPALITY OF AERODROM, SKOPJE

The new Orthodox Church St. John the Baptist in the Aeroplane Park in Novo Lisiche is new attractive and recognizable landmark which beautifies the Municipality of Aerodrom in this part of Skopje. The church, with its rare beauty, mosaic, fountain, park and complete arrangement of the space, which is lighted at night with special illumination, attracts the looks of all people and guests passing by in this part of Skopje, and also catches the eye of large number of visitors. The doors of the temple, with which the Macedonian Orthodox Church disposes, will be open for all orthodox believer who will celebrate the religious holidays, maintain the Christian tradition, pray for health, happiness and prosperity, find their place under the wings of St. John and have spiritual fluffiness collecting strength, energy and hope to face with the life challenges according to the traditions.

The orthodox believers of Novo Lisiche and the citizens of the Municipality of Aerodrom who reside in the nearby residential buildings now have one more temple where they can be closer to God, finding peace and serenity in everyday life.



## Црковен храм Свети Јован Крстител

„Ми претставува чест јавно да го искажам задоволството од изградбата на црквата Свети Јован Крстител во општина Аеродром под ктиторство на проф. д-р Ванчо Чифлиганец, кој е познат филантроп и човек што постојано вложува во општествено одговорни проекти и им помага на другите. Со несебично залагање и ентузијазам, преку својата компанија Адора Инженеринг, д-р Чифлиганец стана искрен пријател, долгогодишен соработник и еден од најуспешните инвеститори во општина Аеродром, а сега, за нејзините жители и создавач на редок духовен храм за молитви и празнување на православните празници.
Д-р Ванчо Чифлиганец, преку изградбата на овој православен храм, не само што придонесе да се зачува и продолжи православната вера и традиција, туку им даде пример и на другите луѓе од светот на уметноста и духовноста да го возобноват обичајот големите луѓе да стануваат и големи ктитори“.

Ивица Коневски
градоначалник на Општина - Аеродром



"It is my honour to publicly express my satisfaction from the construction of the St. John the Baptist Church in the Municipality of Aerodrom under sponsorship of prof. Vancho Chifliganec who is known philanthropist and a man who is constantly investing in the socially responsible projects and helps others. With unselfish dedication and enthusiasm, through his company, Adora Engineering, prof. Chifliganec became honest friend, long-term associate and one of the most successful investors in the Municipality of Aerodrom, and now for its citizens also became a creator of a rare spiritual temple for prayers and celebration of orthodox holidays.
Prof. Vancho Chifliganec, through the construction of this orthodox temple, did not just contribute towards keeping and maintaining the orthodox religion and tradition, but also gave an example to other people from the world of art and spirituality to renew the tradition great men to become great ktitors."

Ivica Konevski
Mayor of Municipality of Aerodrom

## Church Saint John the Baptist



„Сите објекти изградени од Адора Инженеринг се прекрасни, а црквата Свети Јован Крстител е круна на сите градби на оваа градежна компанија. Секоја чест на менаџментот на Адора Инженеринг, на вработените и на ктиторот, д-р Ванчо Чифлиганец, кои со една ваква иницијатива уште еднаш се потврдија како големи филантропи кои се грижат за граѓаните и прават добро за заедницата. Храмот е многу убав објект, изграден на атрактивна локација, одлично изведен и тој е од големо значење за сите православни христијани, жители на Ново Лисиче, општина Аеродром, Скопје и Македонија. Како верник се радувам дека ќе ја посетувам црквата Свети Јован Крстител во општина Аеродром, а се надевам и дека тука, во реката Вардар - македонскиот Јордан, ќе го фрламе светиот крст за Богојавление-Водици и ќе ги славиме Божиќ, Велигден и другите големи православни празници. За нас, граѓаните, овој нов храм значи многу, а за Адора Инженеринг и ктиторот, д-р Ванчо Чифлиганец, ова вредно дело со ретка убавина е вистинска гордост“.

Љубомир Костадиновски,
жител на општина Аеродром, Скопје.



"All buildings constructed by Adora Engineering are beautiful and the St. John the Baptist Church is the crown of all buildings of this construction company. Well done to the management of Adora Engineering, to the employees and ktitor, prof. Vancho Chifliganec, who with this initiative once more confirmed themselves as big philanthropists who take care of the citizens and do well for the community. The temple is a very beautiful building, build on an attractive location, excellently constructed and of big significance to all orthodox Christians, citizens of Novo Lisiche, Municipality of Aerodrom, Skopje and Macedonia. As a believer, I am happy that I will visit the St. John the Baptist Church in the Municipality of Aerodrom and I hope that here, in the river Vardar – Macedonian Jordan, we will throw the cross for Epiphany and will celebrate Christmas, Easter and other great orthodox holidays. For us, the citizens, this new temple means a lot, and for Adora Engineering and the ktitor, prof. Vancho Chifliganec, this valuable deed with rare beauty is a true pride".

Ljubomir Kostadinovski, citizen of the
Municipality of Aerodrom, Skopje.

## ФИЛАНТРОПСКАТА ТРАДИЦИЈА НА ПРОФ. Д-Р ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ И АДОРА ИНЖЕНЕРИНГ

Проф. д-р Ванчо Чифлиганец и градежната компанија Адора Инженеринг имаат долга филантропска традиција со бројни иницијативи, активности и проекти за помош на пошироката заедница, граѓаните и општеството. Поттикнат од мотото дека личниот успех е успех и на заедницата во која живееме и дека тој треба да се сподели, д-р Чифлиганец, кој од секогаш имал чувство за поддршка на другите, со Адора Инженеринг постојано реализираат општествено одговорни практики од интерес на граѓаните, општините и животата средина, за поддршка на вработените, купувачите, стручните, научни, културни, спортски форуми и други манифестации, оставајќи вредни дела за сегашните и идните генерации. За успешно спроведените општествено одговорни проекти и за корпоративната филантропија, Адора Инженеринг, членка на Глобалниот договор на ООН, и проф. д-р Ванчо Чифлиганец имаат добиено осум национални признанија, две високи меѓународни награди и голем број благодарници. Наградите и најмногу задоволните и среќни граѓани се мотив и поттик д-р Чифлиганец и Адора Инженеринг и натаму да продолжат со добрите дела во корист на општеството.



*Општествено – одговорни проекти на Адора Инженеринг и проф. д – р Ванчо Чифлиганец*
*Social responsible projects of Adora Engineering and prof. Vancho Chifliganec*

## PHILANTHROPIC TRADITION OF PROF. VANCHO CHIFLIGANEC PH.D. AND ADORA ENGINEERING

Prof. Vancho Chifliganec and the construction company Adora Engineering have long philanthropic tradition with numerous initiatives, activities and projects for providing help to the wider community, citizens and society. Encouraged by the motto that personal success is success of the community in which we live and that it should be shared, prof. Chifliganec, who always supported the others, together with Adora Engineering constantly realize socially responsible practices for the interest of the citizens, municipalities and environment, for support of the employees, buyers, expert, scientific, cultural and sport forum and other events, leaving valuable deeds for the present and future generations.
For the successful socially responsible projects and corporate philanthropy, Adora Engineering, member of UN Global Agreement, and prof. Vancho Chifliganec were awarded with eight national awards, two significant international awards and large numbers of certificates of appreciation. The awards and the most satisfied and happy citizens are motive and incentive prof. Chifliganec and Adora Engineering to continue with the good deeds to the benefit of society.





*Развојот на секое општество е незамислив без корпоративната и општествената одговорност, филантропијата и, воопшто, грижата за заедницата. Со ова директно се подобрува квалитетот на животот на сите граѓани, се постигнува сплотеност на заедницата и се помага во градењето на солидарност и етичност во создавањето на позитивни општествени вредности. Се радувам што во ликот на д-р Ванчо Чифлиганец имаме прекрасен пример на успешен бизнисмен, но и голем филантроп. Неговите досегашни потфати заслужуваат апсолутна пофалба и восхит. Убеден сум дека д-р Чифлиганец и натаму безрезервно ќе ја дава својата севкупна поддршка преку финансирање на проекти од интерес на сите граѓани. Исто така, верувам дека неговиот пример ќе биде и инспирација за останатите наши успешни бизнисмени да станат и почитувани добротвори и помагатели.*
*Потврдувајќи ја мојата искрена благодарност и безрезервна поддршка за досега сторенното, на д-р Чифлиганец му посакувам уште многу успешни проекти.*

***Со почит, д-р Ѓорге Иванов***
***Претседател на Република Македонија***

*The development of each society is unthinkable without the corporative and social responsibility, philanthropy and the care for the community in general. This directly improves the quality of life of all citizens, achieves unity of the community and helps in building of solidarity and ethics in creation of positive social values. I am happy that we have prof. Vancho Chifliganec as a beautiful example of successful business, but also great philanthropist. His undertakings deserve absolute praise and admiration. I am convinced that prof. Chifliganec will continue to provide his support unconditionally through financing of projects in interest of all citizens. Also I believe that his example will be inspiration for all our remaining successful businessmen and respected donors and sponsors.*
*Once again I provide my honest gratitude and unconditional support for the work he has done so far to prof. Chifliganec and I wish him many more successful projects.*

***Respectfully, Gjorgje Ivanov***
***President of Republic of Macedonia***

*Со градителската традиција во Македонија се занимавав во мојот роман ,,Осмото светско чудо”, објавен на повеќе светски јазици, и се сеќавам на мигот кога францускoто издание му го посветив на големиот македонски градител на Модерна Македонија, проф. д-р Ванчо Чифлиганец. Тогаш зборувавме за приказната на македонскиот архитект Александар Симсар кој паѓа од Црквата на сеќавањето во Берлин, на улицата ,,Курфистендамен” и во тој пад кој трае 3,3 секунди сонува дека го гради на македонската планина Галичица Осмото светско чудо ,,Лулката на светот”. Трите секунди беа веднаш трансформирани во личната драма на градителот Ванчо Чифлиганец кој рече дека му требаат 3300 години за да го изгради неговиот сон за камената вечност во Македонија.*

*Градителот Чифлиганец на тој начин влегува и во новата европска историја бидејќи европската цивилизација и градителската традиција започнуваат на Балканот. Имено, швајцарскиот историчар и филозоф на персонализмот, Дени Де Ружмон, вели дека сѐ почнува всушност од еден единствен човек! Во своето дело ,,2800 години на Европа”, Ружмон посочува дека таа се движи со чекор на желка. Затоа, сонот на градителот на Модерна Македонија - Чифлиганец ја избира за свој симбол желката што својата куќа ја носи самата со себе – Testudo Hermanni.*

*Кога кон персоналниот чин на Чифлиганец ќе се додаде неговата семејна историја од Радовиш до Вечноста и ќе се додадат античките дисциплини на боречките вештини што тој ги совладува пренесувајќи ги Хомеровите традиции и Спарта во епицентарот на Македонија, навлегувајќи дури и во нејзините тајни на рудните богатства, ние се соочуваме со еден феномен кој е многу редок и неповторлив. Точно во оваа година кога се прославува 1000-годишнината од манастирот св.Јован Претеча во село Слепче, Демирхисарско, Чифлиганец ѝ подарува на својата татковина црква со името на св.Јован Крстител којшто го отвори патот на Спасителот Исус Христос и којшто покажува во духот на персонализмот на Дени Де Ружмон дека луѓе како проф. д-р Чифлиганец се раѓаат еднаш на 1000 години.*



***Проф. д-р Јордан Плевнеш,***
***ректор на Универзитет за аудиовизуелни уметности ЕСРА,***
***амбасадор на Македонија во УНЕСКО и драмски писател***



*I discussed the building construction tradition in Macedonian in my book “The Eighth Wonder of the World”, which is published on several world languages and I remember when I dedicated the French edition to our great Macedonian builder of modern Macedonia, prof. Vancho Chifliganec. Back then we talked about the story of the Macedonian architect Alexander Simsar who fell down from the Memorial Church in Berlin, located on Kurfürstendamm and during that 3.3 seconds fall he dreams of building the eighth wonder of the world “The Cradle of the World” on the Macedonian mountain of Galichica. Those three seconds were right away transformed in the personal drama of the builder Vancho Chifliganec who said that he would need 3300 years to build his dream about the stone eternity in Macedonia.*

*That is how the builder Chifliganec enters in the new European history having in mind that the European civilization and building tradition started on the Balkans. Namely, the Swiss historian and philosopher of the personalism, Denis de Rougemont, said that all starts with one unique man! In his work “2800 years of Europe”, Rougemont indicates that it moves as fast as a turtle. That is why the builder of modern Macedonia – Chifliganec – chooses the turtle that carries its house for his symbol – Testudo Hermani.*

*When you add the family history of Chifliganec from Radovish to the Eternity as well as the ancient disciplines of martial arts that he overcomes transferring Homer’s tradition and Sparta in the centre of Macedonia, entering even in its deepest secrets of mining, to his personal act, we face with a rare and unrepeatable. In the year when we celebrate the 1000th anniversary from the existence of the St. John Pretecha Monastery in the village of Slepche, Demir Hisar, Chifliganec gives his homeland a church bearing the name of St. John the Baptist who opened the road of the Saviour Jesus Christ and who shows, in the spirit of Denis de Rougemont’s personalism, that people like prof. Chifliganec are born once in a 1000 years.*

***Prof, Jordan Plevnesh Ph.D.***
***Rector of Audio and Visual Arts University ESRA,***
***Ambassador of UNESCO in Macedonia and play writer***



*Да градиш црква е исто како да градиш куќа, покрив на својот народ. Да градиш црква е да ја споделиш секоја радост и болка на луѓето. Да градиш црква е да откинеш еден свој дел од сопствената молитва за да беседиш со Возвишениот Бог! Ванчо Чифлиганец е токму велик и едноставен заради тоа. Оти знае да сподели грандиозни дела и да ја дари љубовта кон сопствената држава! Тој е немирен трагач по големи дела што ќе останат запаметени! Црквата Свети Јован Крстител е белег на времето кое нема мерка, време за кое олтарот допрва ќе раскажува.*

***Проф. д-р Валентина Божиноска, директор на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи***

*Building a church is same as building a house, a roof for your people. Building a church means to share every joy and pain of the people. Building a church means to separate one part of your prayer in order to talk to God! Vancho Chifliganec is great and unique just because of that. He knows to share beautiful deeds and gives his love to his country! He is an eager seeker of great deeds which will be remembered! The St. John the Baptist Church is a landmark of time, time for which the altar will talk about in future.*

***Prof. Valentina Bozhinoska, Director of the Commission for Relations with the Religious Communities and Religious Groups***



*Ктиторскиот ангажман е една од најблагородните мисии на човечкиот порив да се остави вечна трага во неизбежната димензија на минливоста. Со ктиторските иницијативи и остварувања, дарежливите индивидуи ја експлицираат својата подготвеност да партиципираат во еден, по своето значење, монументален и по својот карактер мултидисциплинарен проект, конфигуриран од вера, идеи, креативен концепт, идејно решение, типолошка структура, градежништво, уметност, визуелна естетика. Владетелите, благородниците, црковните достоинственици и свештениците од македонското средновековие ни оставиле колосална ризница од сакрални градби, облагородени со рафинираните ликовни нијанси на фрескоживописот и иконописното творештво. Нивните наследници, современите донатори, како проф. д-р Ванчо Чифлиганец, ја продол`уваат благородната традиција на дарување репрезентативни дела, проникнати со духот на вербата, гордоста и достоинството на македонското поднебје и на неговите неисцрпни творечки потенцијали и капацитети. Фонтани да го напојуваат народот, болници да се грижат за ранливите, мостови да ги поврзуваат луѓето и идеите, храмови да го хранат народот со вера и ктитори како што е Ванчо Чифлиганец, достојни за вечно паметење и за неизмерна почит.*



***Проф. д-р Елизабета Димитрова,***
***Институт за историја на уметноста и археологија***
***Филозофскики факултет, Универзитет Свети Кирил и Методиј-Скопје***

*Being a ktitor is one of the noblest thoughts of the human character to leave eternal mark on the inevitable dimension of the transience. With the ktitor initiatives and accomplishments, the generous individuals show their willingness to participate in one, according to me, monumental and multidisciplinary project, configured by faith, ideas, creative concept, design solution, typology structure, construction, art, visual aesthetic. The rulers, nobles, church dignitaries and priests from Macedonian Medieval times left us colossal treasury of sacral buildings, enriched with refined art shades of the wall-painting and iconostasis. Their successors, today's donors, like prof. Vancho Chifliganec, continue the noble tradition of giving representative deeds, and build with the spirit of faith, pride and dignity of Macedonia and its numerous creative potentials and capacities. Fountain from which people can drink, hospitals to take care of those in pain, bridges to connect people and ideas, temples to provide faith to the people and ktitors like prof. Vancho Chifliganec, worthy of eternal memory and deep respect.*

***Prof. Elizabeta Dimitrova,***
***Institute of Art History and Archaeology,***
***Faculty of Philosophy, St. Cyril and Methodius – Skopje***

Започнавме со детско другарување, кое остави траги и по 40-годишен бурен живот исполнет со ентузијазам, жар и глад за прогресивност, епохални остварувања, што стигнаа до духовните светилишта кои треба да посведочат за НЕИМАРОТ на денешното Време, проф. д-р Ванчо Чифлиганец. Тој е непресушен извор на енергија што плени и не само што сите ги прави среќни, туку никој и не може да остане рамнодушен на она што е неговата и наша денешница. А каква ќе ни биде иднината, не треба да бидеме скептици кога сме во негова непосредна близина. Вербата во својот народ никогаш не го напушти д-р Чифлиганец, кој секогаш од неа ја црпеше инспиративноста за најголемите походи, какви овој наш горд народ памети уште од антиката. Но, нели историјата се повторува, а Македонија секогаш ги создавала и ги создава оние кои ќе ја величат со своите дела, кои се сведоштва што ги обликува нашиот современ архитект проф. д-р Ванчо Чифлиганец на полето на спортот, образованието, науката, културата, историското и културното наследство и со особен пиетет го потенцираме духовното наследство. Љубовта кон својот народ, струката, професијата и идеалите, продуцира само позитивни резултати, а надежта секогаш му ги трасира патиштата на светлите идеали кои се претоchуваат во дела кои вечно ќе траат. Најдобар пример за тоа е магичниот храм кој го носи неговото име кое трајно ќе биде архивирано во светиот запис како човек кој ја победил апстракцијата и ја испроектирал трасата на новите милениуми. Горд сум што сум современик и пријател на проф. д-р Ванчо Чифлиганец, наједноставниот човек кого сум го сретнал во животот, кому му честитам за изградбата на ретко убавиот и непроценливо вреден црковен храм Свети Јован Крстител во Скопје, што ќе живее во годините пред нас и ќе сведочи за нашите остварувања.



**проф. д-р Тодор Серафимовски**
**универзитет Гоце Делчев-Штип**

We have started as friends when we were children, which left a mark even after 40 years of turbulent life fulfilled with enthusiasm, fire and hunger for progressivity intercepted with epochal achievements which reached to spiritual sanctuaries witnessing of the BUILDER of present time, prof. Vancho Chifliganec. He is an inexhaustible source of energy and a remarkable man who not just makes everyone happy, but no one can remain indifferent to what is his and our present. And having in mind the prospect of our future, we should not be skeptics when we have him in our immediate vicinity. Faith in his fellow citizens never left him, but rather he always drew inspiration from it for his major quests, in a manner that our proud nation remembers from antiquity. But history repeats itself, and Macedonia have always created and still creates people who glorify it with their deeds, like those shaped by our modern architect prof. Vancho Chifliganec in the area of sport, education, science, culture, historical and cultural heritage and we emphasize the spiritual heritage with special piety. The love for the people, profession and ideals only has positive results and the hope always paves the path of the holy ideals which turn into deeds for eternity. Best example for this is the magical temple which carries his name, a name which will be permanently achieved in the holy script, a name indicating a man who won over the abstraction and designed the path for the millennia to come. I am proud to be friend of prof. Vancho Chilfliganec, the simplest man I have ever met in my life, and I congratulate him for the construction of the rarely beautiful and priceless St. John the Baptist Church in Skopje which will exist in the years after us and will witness of our achievements.

**Prof. d-r Todor Serafimovski**
**Goce Delchev University – Shtip**



Проф д-р Ванчо Чифлиганец добро го познавам долги години како менаџер, политичар, спортист, спортски работник и бизнисмен, но пред сè, како изразено хуман човек во сите области од животот. Како долгогодишен спортист и спортски работник ги следев дострелите и успешните ангажмани на д-р Чифлиганец, особено во спортот, каде што со неговото име со поврзани европската и светската титула на македонското клубско борење, што е врвна и досега единствена афирмација на тоа ниво на македонскиот спорт и на Македонија. Од овие причини, особено ми е драго што д-р Ванчо Чифлиганец, како и многупати досега, и овојпат се најде во центарот на вниманието на јавноста во Македонија, сега со донација на прекрасниот православен црковен храм Свети Јован Крстител во Скопје што ќе остане засекогаш забележано за нашиот македонски народ. Од срце, на мојот колега и долгогодишен пријател, проф. д-р Чифлиганец, му посакувам уште долги години да се ангажира во хуманите дејности, да донира добри и вредни дела за заедницата и да ги помага другите како што тоа го правел секогаш и со тоа да биде добар пример и за останатите бизнисмени и граѓаните на Македонија.



**Насе Насев, долгогодишен спортски работник, селектор на македонската**
**репрезентација во борење, спортист на векот**

I know prof. Vancho Chiflganec for many years as manager, politician, sportsman, sports worker and businessman, but above all as humanitarian in all aspects of life. As a sportsman and sports worker for many years I followed the accomplishments and successful engagements of prof. Chifliganec, especially in the sport, where the European and world title of the Macedonian club wrestling are connected with this name and that so far is the top and only affirmation on that level of the Macedonian sport and Macedonia. From those reasons, I am especially glad that prof. Vancho Chifliganec, is in the centre of attention, as many time before, of the public in Macedonia by donating this beautiful orthodox church of St. John the Baptist in Skopje, which will forever remain noted by the Macedonian people. I wish many more years of humanitarian work, to donate good and valuable deeds for the community and to help others as he always did and thus to be good example for other businessmen and citizens of Macedonia to my colleague and long-term friend prof. Vancho Chifliganec from the bottom of my heart.

**Nase Nasev, long-term sports worker, selector of the Macedonian**
**representation in wrestling, sportsman of the centuryThe Philanthropist and Humanitarian**
**Vancho Chifliganec and his Love to God**

*Апостол Павле рекол „Да зборуваме на сите човечки јазици, па дури и на анѓелскиот , ако љубов немаме, ништо не сме“. Љубовта, како најблагородно чувство, не се учи, не се стекнува низ животот, туку или ја поседуваш од самото раѓање или не. Малкумина се оние во чие срце постои место за создавање на големи и вечни дела. Ванчо Чифлиганец е еден од ретките луѓе родени со ѕвезда за создавање на големи дела. Низ својот живот тој повеќе пати покажа и докажа дека покрај тоа што е успешен менаџер, претприемач и бизнисмен, тој е и човек со срце големо како планина. Човек - филантроп и хуманист кој доброто на својот народ го доживува како сопствено добро, д-р Чифлиганец со изразено чувство на припадност кон својот народ и со љубовта кон Бога, воден од принципот дека делата остануваат да живеат и по нас за да сведочат за нашето земско постоење, секојдневно создава дела за доброто на сите. Потребата да се создаде нешто убаво, вечно и свето е причината Чифлиганец да се јави како ктитор на храмот Свети Јован Крстител, што е уште една потврда дека овој вечен филантроп знае да ја почитува и љуби верата наша христијанска и тоа да им го пренесе и на идните генерации. Зарем има поголемо дело од она да им се остави во аманет на нашите деца еден убав и скромен Божји храм во кој тие секојдневно ќе навраќаат. Посакувам новата црква Свети Јован Крстител во општина Аеродром, Скопје, да биде засолниште за сите нас, а ктиторот и хуманист Ванчо Чифлиганец и понатаму да гради големи дела затоа што од неговиот живопис можеме да научиме дека неговата мисија е да создава големи и вредни дела.*



***Со посебна почит и искреност, Слободан Стојанов,***
***дипломиран рударски инженер - Радовиш***

*Paul the Apostle said: “Even if we can speak all human languages, even the angel one, we are nothing without love.” Love as the noblest feeling, cannot be learnt, cannot be obtained through life but or you have from birth or not. Very few people are those in whose heart there is place for creation of big and eternal deeds. Vancho Chifliganec is one of the rare people born with a star for creating great deeds. Throughout his life, he many times showed and proved that besides being successful manager, entrepreneur and businessman, he is a man of heart big as a mountain. Philanthropist and humanitarian who the good of people experiences as his good, prof. Chifliganec has strong feeling of belonging to his people and love to God, he is guided by the principal that deed remain to live after us in order to testify about our earthy existence and he also creates deeds for the good of all of us on daily basis. The need to create something beautiful, eternal and sacred is the reason Chifliganec to be ktitor of the St. John the Baptist Church and this is one more confirmation that this eternal philanthropist know how to respect and love our Christian faith and to pass that on to future generations. Is there greater deed than to leave to our children one beautiful and modest temple of God which they can visit every day? I wish the new St. John the Baptist Church in the Municipality of Aerodrom, Skopje to be sanctuary for all of us, and to the ktitor and humanitarian Vancho Chifliganec to continue building great deeds because from his work we can see that his mission is to create great and valuable deeds.*

***Respectfully and honestly, slobodan stojanov,***
***Graduated mine engineer – Radovish***



*Капитал отсекогаш со особена радост пишувал за растот и развојот на македонските компании, за нивниот пат до успехот. Адора Инженеринг е една од успешните приказни, компанија што од година в година постигнува раст на приходите и добивката остварени преку изградба на современи домови за живеење според сите градежни и еколошки стандарди.*

*Но, г. Ванчо Чифлиганец - основачот, сопственик и директор на Адора Инженеринг - многупати досега покажа дека добивката од успешното работење е поголема доколку дел од неа ја споделите со заедницата. Така беше при бројните досегашни примери на општествено одговорно однесување на компанијата, иницирано од г. Чифлиганец - хуманитарни акции, стипендии, поддршка на спортот, културата, науката, заштита на животната средина, итн. – така е и со најновата во низата донации, онаа за изградба на црковниот храм Свети Јован Крстител во Скопје, чијшто ктитор е проф. д-р Чифлиганец.*

*Уште еднаш г. Чифлиганец покажува дека е бизнисмен, а пред сѐ, човек кому материјалните придобивки не му значат ништо доколку не бидат искористени во насока на духовно облагородување, како на сопствената личност, така и на сите членови на заедницата.*



***Биљана Здравковска-Стојчевска,***
***главен и одговорен уредник во магазинот Капитал***

*Kapital is always happy to write about the growth and development of the Macedonian companies, about their road to success. Adora Engineering is one of the successful stories, company that increases the income and profit year to year, obtained through construction of modern homes according to all construction and ecological standards. But Mr. Vancho Chifliganec – founder, owner and general manager of Adora Engineering – many times showed that the gain from the successful working is bigger if part of it is shared with the community. This can be witnessed from the numerous examples of socially responsible behaviour of the company initiated by Mr. Chifliganec such as the humanitarian actions, scholarships, support of sport, culture, science, protection of the environment etc. but also with the newest set of donations like the building of St. John the Baptist Church in Skopje, whose ktitor is prof. Chifliganec.*

*Once more Mr. Chifliganec showed that he is a businessman but above all a man to whom the material gain does not mean anything if it is not used in direction of spiritual enrichment of oneself, but also of all members of the community.*

***Biljana Zdravkovska-Stojchevska,***
***Editor in-chief of Kapital Magazine***





# ГОЛЕМА БЛАГОДАРНОСТ ЗА ОСОБЕН ПРИДОНЕС ВО ПОДИГНУВАЊЕТО НА ХРАМОТ СВЕТИ ЈОВАН КРСТИТЕЛ
# BIG GRATITUDE FOR SPECIAL CONTRIBUTION IN BUILDING OF THE ST. JOHN THE BAPTIST CHURCH

**Градоначалник на Општина Аеродром г-дин Ивица Коневски и Совет на Општина Аеродром.**
**Mayor of the Municipality of Aerodrom Mr. Ivica Konevski with the Council of Municipality of Aerodrom**

**Менаџмент на Адора Инженеринг / Adora Engineering Management:** Проф д-р Ванчо Чифлиганец, Данка Чифлиганец, Евангелина Чифлиганец, д-р Драгана Чифлиганец, Душко Чифлиганец, Ванчо Георгиевски, Анита Пејчиноска, Ванѓел Ташовски, Нина Стрезоска, Ивана Бајкова-Шаља, Марија Блажеска, Софија Дуљанова, Билјана Веселинова, Роберт Старделов, Христина Ѓоргиева, Стефан Орачески, Љупчо Ивановски, Ѓорѓи Рибарски, д-р Даниела Станковска-Младенова, Спасе Стојанов, м-р Борче Чифлиганец, Нина Кепеска, Анжелика Милошевска, Маријана Аргакијева-Оливети, Катерина Коршул, Елена Петровска, Дејан Андоновски, Наташа Попова, Андријана Ивановска-Танчевска, Смиља Хаџи-Митрова, Елисавета Кошевец, Дончо Миладинов и Наташа Милчевска.

**Зографи** / **Painters:** проф. Венко Цветков, Ромео Коцев и Тони Коцев.

**Комисија за надзор на живописувањето / Supporter – Commission for Supervision of Wall-painting:** проф. д-р Валентина Божиновска, проф. м-р Благоја Кузмановски, Јани Антониев, проф. д-р Елизабета Димитрова, под постојана координација со Архиепископот Охридски и Македонски г.г Стефан.

**Помагател / Supporter:** архитект Тања Паскали-Бунташеска.

**Компании-помагатели / Supporters:** Македон-Бетон-Скопје и European plants export-import.

**Компании-добавувачи / Suppliers:** Адмирал-Скопје, Електронеон-Скопје, Еленица-Струмица, ЕВН-Скопје, ИГМ-Џумајлија-Лозово, Исток мермер-Кочани, НЕ-БРА компани Струга, Филип Прима Ексклузив-Скопје, Јаца Инженеринг-Скопје, Квалитет промет-Куманово, Мелмакс-Скопје, Усје Цементарница Титан Скопје, Водовод Скопје, Анастасијадис-Солун и Черкезов-Сандански.

**Градители-неимари / Builders:** Никола Андреев, Николче Андреевски, Ѓорѓе Ангелов, Ристо Ангелов, Славе Ангелов, Александар Андоновски, Дејан Арсов, Ѓорги Арсовски, Бранко Атанасов, Веле Атанасов, Миле Атанасовски, Енис Абединов, Муран Агушев, Илјаз Ајдаревиќ, Ѓорѓи Андонов, Сафет Азировиќ, Серџул Бајрамов, Ново Башоски, Хајдин Бишевац, Харун Бишевац, Изет Бишевац, Мике Билбилоски, Донча Богдановски, Ангеле Цизалоски, Џенис Демиров, Енвер Дергути, Гоце Димитриевски, Јовица Димитриевски, Трајан Димитриевски, Илија Димитров, Сандо Димовски, Миодраг Додевски, Љубе Ѓошевски, Ѓорѓи Колески, Нестори Ѓорѓиев, Александар Ѓорѓиевски, Богданчо Ѓорѓиевски, Глигор Ѓорѓиев, Благој Ѓуров, Ристе Ефтимов, Мирсад Хамидовиќ, Спасо Иванов, Илија Илиев, Бахро Исламагиќ, Даниел Јакимовски, Јовица Јакимовски, Марјан Јакимовски, Бурим Јакупи, Ванчо Јанчевски, Нестори Јани, Жан Јованов, Јозе Јовановски, Фарук Јусинов, Ванчо Коцев, Левис Копчалков, Ванчо Костадинов, Сречко Костадиновски, Љубе Крацевски, Мирко Кузмановски, Петре Лазаров, Октај Лиманев, Блажо Манаилов, Бенџамин Малиќи, Зоран Манчев, Јорданчо Маноилов, Васе Маркоски, Дејан Марковски, Зоки Маџовски, Асан Мазлум, Зоре Михајловски, Јован Миличински, Благоја Милчевски, Михаил Митев, Милан Митев, Александар Митевски, Зоки Младенов, Владо Најдовски, Зоран Насковски, Димко Наумоски, Киро Николов, Ванчо Николов, Зоран Николовски, Трајче Пандев, Миодраг Павловски, Александар Пешески, Слободан Пешески, Тони Пецанов, Јонуз Пепик, Сашо Петковски, Делчо Петров, Милисав Петровиќ, Фадил Растодер, Миралем Саботиќ, Сречко Серафимов, Доце Симоновски, Благоја Станковски, Дени Стојчевски, Роби Стојановски, Стојан Стојановски, Асан Таџидан, Љубосав Тодоровски, Фено Томов, Јаким Тоневски, Чедо Трајановски, Владица Трајковиќ, Бобан Трајковски, Љупчо Трајковски, Петре Трајчески, Бране Велинов, Мите Здравев, Љубе Зинзироски, Николче Зинзировски.

Наслов:
**Црковен храм Свети Јован Крстител**
**општина Аеродром – Скопје**
**Република Македонија**
Издавач:
**Адора Инженеринг дооел Скопје**
Адреса:
**„Орце Николов“ 183 А, 1000 Скопје**
**02 30 93 200 / www.adora.com.mk**
За издавачот:
**Проф. д-р Ванчо Чифлиганец**
**генерален директор**
Книгата ја подготви и уреди:
**Нина Кепеска**
Стручна редакција:
**Презвитер Бобан Митевски,**
**м-р Борче Чифлиганец,**
**Ивана Бајкова-Шаља,**
**Проектантско биро Адора Инженеринг**
Рецензент:
**Проф. д-р Валентина Божиновска**
Лектор:
**Јасмина Ѓоргиева**
Превод на англиски:
**Ад Вербум**
Фотографии и скици:
**Наце Попов, FlyCam и**
**архива на Адора Инженеринг**
Дизајн и печат:
**Пропоинт – Скопје**
Тираж:
**2000 примероци**

Title:
**St. John the Baptist Church**
**Municipality of Aerodrom – Skopje**
**Republic of Macedonia**
Publisher:
**Adora Engeneering dooel Skopje**
Address:
**Orce Nikolov 183 A, 1000 Skopje**
**02 30 93 200 / www.adora.com.mk**
About the publisher:
**Prof. Vanco Chifliganec Ph.D.**
**general manager**
The book was prepared and edited by:
**Nina Kepeska**
Editing by:
**Presbyter Boban Mitevski,**
**Borche Chifliganec M.Sc.,**
**Ivana Bajkova-Shalja,**
**Design Studio of Adora Engineering**
Reviewer:
**Prof. Valentina Bozhinoska Ph.D.**
Proofreader:
**Jasmina Gjorgjieva**
English translation:
**Ad Verbum**
Photos and drawings:
**Nace Popov, FlyCam and**
**Adora Engineering Archive**
Design and printing:
**Propoint – Skopje**
Book Circulation:
**2000 copies**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје
271.2-523.4:27-312.5(497.711)
ЦРКОВЕН храм Свети Јован Крстител : општина Аеродром - Скопје,
Република Македонија = Church Saint John the Baptist : Municipality
of Aerodrom - Skopje, Republic of Macedonia. - Скопје : Адора
Инженеринг, 2014. - 60 стр. : илустр. ; 20 см
Текст на мак. и англ. јазик
ISBN 978-608-65516-1-2
COBISS.MK-ID 96483082


СВ. ЈОВАН
КРСТИТЕЛ